**Влада на Република Северна Македонија**
- СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА -

08.02.2022

Архивски број 03-347/1

Врз основа на член 49 став 1 и член 55, став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 110/19) и врз основа на член 40-б став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 бр.142/16, 140/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија" 98/19), а во врска со Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката („Службен весник на Република Македонија'' бр.15/03, 121/06, 158/07, 64/09, 119/09 81/10, 214/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија" 98/21), Заменик претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК
# за определување на правото на користење на службен мобилен телефон

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се определуваат корисниците на службен мобилен телефон во Секретаријатот за европски прашања (во натамошниот текст: СЕП), начинот на нарачка, задолжување и користење на службен мобилен телефон, ограничувањето на износот на сметката за користење на службен мобилен телефон, како и начинот на признавање и надоместување на повисок износ на сметки од ограничувањето утврдено со овој Правилник.

### Член 2

Службен мобилен телефон во смисла на овој Правилник е мобилен телефонски апарат и/или СИМ картичка (во натамошниот текст: телефонски број).

## КОРИСНИЦИ НА СЛУЖБЕН МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН И ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА СМЕТКАТА

### Член 3

Право на користење на службен мобилен телефон се утврдува со посебно Решение за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и ограничување на износот на сметката од страна на Заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања.

Правото на користење на службен мобилен телефон со ограничување до определен износ согласно одредбите од овој Правилник имаат:

| | |
|---|---|
| посебните советници во кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, заради извршување на работни задачи на посебни советници. | 1.920,00 денари |
| државен секретар | 1.860,00 денари |
| кабинетските службеници во кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, утврдени со актите за систематизација на работни места кои се утврдуваат како посебни работни места во кабинет | 1.180,00 денари |
| државен советник | 1.180,00 денари |
| раководител на сектор | 780,00 денари |
| помошник раководител на сектор | 590,00 денари |
| раководител на одделение | 560,00 денари |
| советник | 350,00 денари |
| виш соработник | 310,00 денари |
| соработник | 300,00 денари |
| помлад соработник | 300,00 денари |
| самостоен референт | 200,00 денари |
| виш референт | 200,00 денари |
| референт | 155.00 денари |
| помлад референт | 130.00 денари |

Право на користење на службен мобилен телефон имаат и други ангажирани лица во СЕП со договор на дело, а за чие извршување неопходно е користење на мобилен телефон, во износ до 350 денари.

Право на користење на службен мобилен телефон имаат и други ангажирани лица на проекти, вклучително и домашни и странски експерти кои извршуваат работи и работни задачи за потребите на СЕП, со ограничување на висината на сметките до 0 денари, односно со обврска за подмирување на висината на сметката од сопствени извори на финансирање.

Во износите содржани во став 1 од овој член не се засметува данокот на додадена вредност.

**Член 4**

На административните службеници кои се упатени за работа во Постојаната Мисија на Република Северна Македонија при Европската Унија во Брисел им се определува месечен паушал за користење на службен мобилен телефон на оператор во Белгија во висина од 27 евра во денарска противвредност.

**Член 5**

Лицата од член 3 и член 4 од овој Правилник, може да бидат корисници и да бидат задолжени само со една СИМ картичка (телефонски број) и само со еден службен мобилен телефонски апарат.

**Член 6**

По исклучок од член 3 став 1 и 2 на овој Правилник, може да се признаваат поголеми износи на сметки на службен мобилен телефон ако корисникот на службен мобилен телефон:

- е во странство;
- има повици од странство, или
- има зголемен обем на службени разговори.

Признавањето на поголеми износи на сметки на службени мобилен телефон од страна на Заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања, се врши по претходно приложен преглед на реализирани телефонски разговори од Службата за општи и заеднички работи кон Барањето за одобрение за признавање на поголем износ на сметка кое е дадено во Прилог број 1 и е составен дел на овој Правилник.

**Член 7**

Секторот за финансиски прашања во рок од 5 работни дена од денот на добивање на месечната сметка ги известува корисниците на службен мобилен телефон кои имаат поголем износ на сметка на службен мобилен телефон.

Секторот за финансиски прашања најдоцна до 20[ти] во тековниот месец до Одделението за човечки ресурси доставува листа на корисници кои имаат поголем износ на сметка на службен мобилен телефон.

На корисникот на службен мобилен телефон на кој не му е признаено правото на поголем износ на сметка, истиот му се одбива од личниот доход или врши уплата во благајна најдоцна во рок од 3 работни дена од денот на известувањето.

## НАРАЧКА, ЗАДОЛЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕН МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН

**Член 8**

Нарачката на мобилни телефонски апарати, СИМ картички, како и оперативно следење и реализација на Анексот кон Договорот со избран економски оператор ја врши овластено лице од Заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања (во понатамошниот текст: овластеното лице за оперативно следење).

Нарачаните мобилни телефонски апарати и/или СИМ картички, овластеното лице од став 1 на овој член ги предава на задолжено лице во Секторот за информатичка, комуникациска технологија и архивско работење, а записникот за примопредавање го заверува во писарницата на СЕП.

**Член 9**

Корисниците определени во членовите 3 и 4 од овој Правилник, правото на користење на службен мобилен телефон и/или СИМ картичка го остваруваат врз основа на писмено барање за одобрување на правото на користење на службен мобилен телефон до Заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања.

Барањето содржи име и презиме на вработениот/ ангажирано лице во СЕП со договор на дело, работната позиција и образложение за потребата од доделување СИМ картичка и/или службен мобилен телефон.

Одобреното барање се доставува до овластеното лице за оперативно следење, кое подготвува Решение за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката.

Овластеното лице за оперативно следење во рок од 3 дена го спроведува Решението за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката.

Овластеното лице за оперативно следење од корисникот на службен мобилен телефон обезбедува Изјава за согласност за признавање на поголем износ на сметка која е дадена во Прилог број 2 и е составен дел на овој Правилник.

**Член 10**

Врз основа на издадено Решение за определување на правото за користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката и записникот од член 8 став 2, одговорно лице во Секторот за информатичка, комуникациска технологија и архивско работење на корисникот му предава во употреба мобилен телефонски апарат и/или СИМ картичка, при што корисникот задолжително потпишува Изјава за користење на службен мобилен телефон и/или СИМ картичка, која е дадена во прилог број 3 и е составен дел од овој Правилник и која се заверува во писарницата на СЕП.

**Член 11**

Службените мобилни телефони потребно е да се користат совесно и рационално, само за службени разговори и преку нив не е дозволено да се пренесуваат информации и податоци кои претставуваат класифицирани информации согласно Законот за класифицирани информации.

За непочитување на став 1 од овој член, Заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања може со посебно Решение да го одземе правото на користење на службен мобилен телефон.

**Член 12**

Одделението за управување со човечки ресурси е должно веднаш да го извести Секторот за финансиски прашања и Секторот за информатичка комуникациска технологија и архивско работење за настанато распоредување на друго работно место во СЕП или престанок на работниот однос во СЕП на корисникот на службен мобилен телефон.

Во случај на престанок на работниот однос, корисникот е должен да го врати мобилниот телефонски апарат и/или СИМ картичка во Секторот за информатичка, комуникациска технологија и архивско работење, за што потпишува Изјава за раздолжување на службен мобилен телефон и/или СИМ картичка која е дадена во прилог број 4 и е составен дел на овој Правилник.

**Член 13**

Во случај кога службениот мобилен апарат има потреба од поправка која настанала поради крајно невнимание од страна на корисникот, тој може на свој трошок да го отстрани утврдениот недостаток.

Доколку утврдениот недостаток не може да се отстрани, Секторот за информатичка, комуникациска технологија и архивски работење во координација и Секторот за финансии ќе ја утврдат моментална сметководствена вредност на мобилниот телефонски апарат, а корисникот ќе се задолжи висината на утврдената сума да ја надомести.

Кога пријавениот службен мобилен апарат не може да се поправи поради технички причини и/или поправката е економски неисплатлива и/или истиот има сметководствена вредност 0 денари, Секторот за информатичка, комуникациска технологија и архивски работење во претходна консултација со Секторот за финансиски прашања врши прибелешка за истото во Изјавата за раздолжување на службен мобилен телефон и/или СИМ картичка.

Во случаи кога корисникот го изгубил или на друг начин констатира дека службениот мобилен телефон му исчезнал, должен е веднаш да:

- го извести овластеното лице за оперативно следење кој веднаш ќе ја блокира СИМ картичката кај мобилниот оператор и истата ќе ја стави надвор од употреба;
- да поднесе Изјава до заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања, како и да приложи Записник од МВР или друг надлежен орган за внатрешни работи во странска земја дека случајот е соодветно пријавен.

За постапување спротивно на став 4 од овој член, Корисникот на службениот мобилен телефон е должен да ги надомести сите трошоци, како и евентуална предизвикана штета.

**Член 14**

Постапувањето спротивно на одредбите на овој Правилник од страна на корисниците на службен мобилен телефон ќе повлече дисциплинска и материјална одговорност согласно Законот за административни службеници и другите позитивни законски прописи и подзаконски акти на Република Северна Македонија.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 15**

Овој Правилник стапува во сила со денот на неговото донесување.

Решенија за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката пред стапување во сила на овој Правилник останувааат во важност.

**Член 16**

Со денот на влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за користење службен мобилен телефон бр. 03-2184/1 од 01.09.2010 и Правилникот за измена на правилникот за користење на службен мобилен телефон бр.03-1566/1 од 23.12.2013 година.

м-р Бојан Маричиќ

Заменик претседател на Владата
задолжен за европски прашања

Доставено до:
- сите вработени во СЕП
- Писарница/архива

Подготвил: Иван Донев
Контролирал: Љубиша Стефаноски

Прилог 1

**ДО**
**СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА**
**-Влада на Република Северна Македонија-**

**Од:**________________________________

**Предмет: БАРАЊЕ ЗА ОДОБРЕНИЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПОГОЛЕМ ИЗНОС НА СМЕТКА ЗА СЛУЖБЕН МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН**

**Поднесено во Скопје на : ___.___. 20___ година**

**За месец: _____________. 20___година**

Согласно член 6 од Правилникот за користење на службен мобилен телефон бр.____________ од ______. 20_____ година во Секретаријатот за европски прашања, замолувам да ми се одобри признавање на поголем износ на сметка за службен мобилен телефон од вкупно ___________ денари (без ДДВ).

Поголемиот износ на сметка е направен заради:

- ________________________________________________________________________
  ________________________________________________________________________
- ________________________________________________________________________
  ________________________________________________________________________

Во прилог на барањето поднесувам преглед на реализирани телефонски разговори од Службата за општи и заеднички работи за месец _________ 20___ год.

Подносител: _______________________

Одобрил: ______________________________

**(ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ)**

Напомена: Овој образец се печати и доставува во 1 примерок

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Архива на СЕП

**Прилог 2**

# **И З Ј А В А**

## **за согласност за признавање на поголем износ на сметка**

Јас, долу потпишаниот корисник на службена СИМ картичка сопственост на Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Северна Македонија, под целосна дисциплинска и материјална одговорност изјавувам дека, картичката ќе ја користам на начин и под услови определени со Правилникот за користење на службен мобилен телефон бр.____________од__________година.

**Со потпишувањето на оваа изјава се согласувам повисокиот износ на сметка од утврдениот месечен износ со Решение за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и ограничување на износот на сметката да биде рефундиран од мојот личен доход или истите да ги уплатам лично во благајната на Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Северна Македонија во рок од 3 работни дена.**

**Податоци за корисникот и СИМ картичката:**

1. **Име и презиме на корисникот: ________________________**
2. **Лична карта бр.: ___________________________________(*)**
3. **ЕМБГ: _____________________________________________(*)**
4. **Работна позиција: __________________________________**
5. **Организациона едининца: _________________________**
6. **Мобилен телефонски број: ___________________________**
7. **Висина на месечен дозволен износ на сметка: ______________________________**

**Скопје____________20___ година.**

Изјавил:

_______________________
(цело име и презиме)

__________________
(с.р. потпис)

**Напомена: Полињата означени со знак (*) не се обврзувачки и не се задолжителни за пополнување.**

**Прилог 3**

# ИЗЈАВА
## за користење на службен мобилен телефон и/или СИМ картичка

Јас, долу потпишаниот корисник намобилен телефон и/или службена СИМ картичка сопственост на Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Северна Македонија, под целосна дисциплинска и материјална одговорност изјавувам дека, службениот мобилен телефон и/или СИМ картичката ќе ги користам на начин и под услови определени со Правилникот за користење на службен мобилен телефон бр.____________од__________година.

**Со потпишувањето на оваа изјава потврдувам:**

**Дека сум корисник на долу наведениот мобилен телефон и/или СИМ картичка и дека ќе се придржувам кон сите обврски што произлегуваат од Правилникот за користење на службен мобилен телефон бр.__________од_________година.**

**Податоци за корисникот и службениот мобилен телефон:**

1. **Име и презиме на корисникот: ________________________**
2. **Лична карта бр.: ___________________________________(*)**
3. **ЕМБГ: ____________________________________________(*)**
4. **Работна позиција: ___________________________________**
5. **Организациона едининца: _____________________________**
6. **Број на СИМ картичка:_________________________________**
7. **Тип на мобилен телефон: _____________________________**
8. **Модел на мобилен телефон: ___________________________**
9. **IMEI број: ______________________________________(*)**
10. **Дополнителна опрема:___________________________________**
    ___________________________________
    ___________________________________
    ___________________________________
11. **Сериски број на мобилен телефон: _______________________**
12. **Моментална вредност на мобилниот телефон__________денари.**

**Скопје___________20___ година.**

Изјавил:

_______________________
(цело име и презиме)

Подготвил:
Одобрил:

_______________________
(с.р. потпис)

**Напомена: Полињата означени со знак (*) не се обврзувачки и не се задолжителни за пополнување.**

**Прилог 4**

# ИЗЈАВА

## За раздолжување на службен мобилен телефон и/или СИМ картичка

Јас, долу потпишаниот корисник на мобилен телефон и/или службена СИМ картичка сопственост на Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Северна Македонија, под целосна дисциплинска и материјална одговорност изјавувам дека службениот мобилен телефон и/или СИМ картичката ги враќам во Секторот за информатичка, комуникацискатехнологија и архивско работење согласно условите од член 12 на Правилникот за користење на службен мобилен телефон.

**Податоци за корисникот и службениот мобилен телефон:**

1. **Име и презиме на корисникот:** ______________________________
2. **Работна позиција:** ______________________________
3. **Организациона едининца:** ______________________________
4. **Број на СИМ картичка:** ______________________________
5. **Тип на мобилен телефон:** ______________________________
6. **Модел на мобилен телефон:** ______________________________
7. **Сериски број на мобилен телефон:** ______________________________
8. **Дополнителна опрема:** ______________________________
______________________________
______________________________
______________________________

**Забелешки за состојбата на уредот на одговорното лице во Секторот:**

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________

**Предал:** **Примил:**

____________________ ____________________

**Во Скопје__.__20___ година.**